Вечер, 31 Јули 1996, стр.11

**ВО ЧИФТЕ АМАМОТ ЗАВРШИ ТРИДНЕВНИОТ ЛИКОВЕН ПРОЕКТ „ПЛОДОВА ВОДА“**

# Женското како провокација

***● ПЕТ МАКЕДОНСКИ И ПЕТ АМЕРИКАНСКИ УМЕТНИЧКИ ИЗВЕДОА ДЕЛА ИНСПИРИРАНИ ОД РАЗЛИЧНИ АСПЕКТИ НА ОНА ШТО ЗНАЧИ ДА СЕ БИДЕ ЖЕНА***

Во една од просториите на Чифте Амамот, на сјајна бакарна плоча во полулежечка положба е испружена восочна фигура направена како отпечаток на човечко тело, осветлена однатре, а собата ја исполнува звукот на мелодија како тажаленка што испрекинато ја изведува женски глас. Поставката се вика „Андрогин“, дело на македонската уметничка Искра Димитрова, едно од десетте дела на проектот „Плодова вода“ што во просторот на запуштениот средновековен објект во Старата Чаршија, три дена го изведуваа пет македонски уметнички и пет членки на американската уметничка група „Мобиус“ од Бостон. Во проектот иницииран пред една година а реализиран во рамките на „Скопско лето“ уметничките со разновидни дела изведени како перформанс, инсталација, објект, видео, го интерпретираат Женското како уметничка провокација.



*ДЕЛ ОД ИНСТАЛАЦИЈАТА „СВАДБЕНИ АЛБУМИ“ НА МАРГАРЕТ ТИТМОР*

**– Запознавајќи ги лани делата на Димитрова, заклучивме дека тие на многу начини кореспондираат со нашите уметнички преокупации. Тогаш решивме да изведеме заеднички проект во кој секоја од нас ќе создаде дело инспирирано од некој аспект на она што значи да се биде жена. Јасно, Женското е она што не обединува, но ние сите имаме различни идеи за стварноста и различни нешта што нé интересираат,“ – вели Мерилин Арсем, директор на „Мобиус“, група што ја сочинуваат 18 уметници кои работат во различни дисциплини.**

Заедничката тема делата ја допираат низ богатство разновидни концепти. **Жанета Вангели** во инсталацијата „Македонска социјална пластика“ во три дела го проблематизира културното и политичкото освестување, во перформансот „Базени на времето“ **Мерилин Арсем** го истражува односот кон времето и минатото со водата како метафора, во „Андрогин“ **Искра Димитрова** ги продолжува истражувањата на односот кон смртта како комплексна релација на истовремено привлекување и одбивање. Во перформансот „Порнена“ **Мери Новотни-Џонс** се занимава со ритуалот на душевно и телесно прочистување оперирајќи со симболичката слика за Марија Магдалена, инсталацијата „Птица жена“ на **Мередит Дејвис** ја разгледува метафоричната врска меѓу жената и птицата засновано на праисторискиот култ за Божицата на Стара Европа. Во „Вис Електроника“ **Мирна Арсовска** го поврзува раѓањето живот со енергијата што ја создава искрата при затворањето на електричното коло, насилството во домот е тема на инсталацијата „Свадбени албуми“ на **Маргарет Титмор**, а врската меѓу Времето, меморијата, јазикот, на различни начини ја истражуваат **Нора Стојановиќ** во перформансот „Флешбек“, **Кети Нолан** во перформансот „Маса“ и **Маргарита Киселичка-Калајџиевска** во инсталацијата „Безвременост“.

**– „Плодова вода“ е интеркултурно испреплетување на различни пристапи кон женското уметничко писмо. Ова е и ретка можност да се сретнеме со четири перформанси, во кои овој медиум се третира ликовно, а не во театарски манир, – вели кураторот на проектот Сузана Милевска.**

Соработката почната во просторот на Чифте Амамот во Скопје, ќе продолжи следната година во јуни во Бостон, каде со гостување на петте македонски уметнички ќе се изведе нов заеднички проект.

**М. К.**